**КОДЕКС ЗА ЗАШТИТА НА КОМПЈУТЕРИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

***Ученикот како субјект и активен учесник во воспитно-образовниот процес треба да има јасна претстава за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги познава своите права и обврски и да се прилагодува на современите барања.***

***Секој ученик е должен совесно да се однесува кон сите структури во училиштето, совесно да управува со материјалните добра и техниката кои се користат и да се грижи за дисциплината.***

***Ученикот е должен:***

⇒ да се придржува на училишните правила и прописи, да ја почитува организацијата на животот и работата во училиштето и да ги почитува одлуките на стручните органи во училиштето;
⇒ да ги почитува законските одредби и одредбите во актите на училиштето;
⇒ да ги почитува и применува правилата содржани во куќниот ред на училиштето;
⇒ да има одговорен однос кон наставните средства , инвентарот и другите материјални добра на училиштето;
⇒ да биде активен во наставата, да ги прифаќа новите технологии и да ги употребува наставните средства со кои располага училиштето;
⇒ тивко и без трчање да ги остави личните работи на одредено место, да седне и да причека инструкции за работа;
⇒ да придонесува за создавање на позитивна работна атмосфера на часот;
⇒ да не ја нарушува планираната активност на часот со задоцнување, разговор или предизвикување конфликтни состојби;
⇒ да не ја оштетува компјутерската опрема во училиштето;
⇒ да не ја оттуѓува компјутерската опрема во училиштето;
⇒ да ја надомести намерно направената штета;
⇒ да се однесува совесно и пристојно и да не јаде и не пие врз тастатурата или куќиштето;
⇒ да не ја менува позадината на компјутерот без прашање;

⇒ да не активира програми со лични пораки;
⇒ да не ги открива на други лозинките кои ги користи на Интернет затоа што може да бидат злоупотребени;
⇒ да не внесува свои податоци на e-mail адреса на непознати и несигурни веб сајтови ;
⇒ да не одговара на непознати e-mail пораки затоа што може да биде нападнат од вируси;
⇒ да побара совет од наставникот за сите ситуации во кои не е сигурен како да постапи;
⇒ да не објавува туѓи податоци и фотографии во свое име ;
⇒ да не симнува од интернет програми, слики, видеа и слично на училишниот компјутер или на свое USB без дозвола;
⇒ да не се најавува во компјутерот и програмите со туѓо корисничко име и лозинка;
⇒ да не брише и разместува фајлови и фолдери кои не се негови;
⇒ да го сними го во договорен фолдер она што го работи на часот;
⇒ да не ги разместува компјутерот и мониторот;
⇒ да не пишува по училишниот инвентар и материјалните добра;
⇒ да ги затвори сите програми кои си ги користел пред крајот на часот;
⇒ да го врати столчето на место и да излезе без трчање на крајот на часот;
⇒ да придонесува училиштето да биде безбедно и пријатно место за учениците и навремено и објективно да информира за негативните појави и настанатите штети.

***<u>Правила за чување, одржување и однесување кон компјутерите</u>***

- **Чувај го компјутерот тој е твој и на твоето другарче!**
- **Внимателно ракувај со компјутерот!**
- **Користи го компјутерот само во присуство на наставникот!**
- **Следи ги насоките на наставникот и почитувај ги истите!**
- **Чувај ја инсталанцијата во училницата и не ја оштетувај!**
- **Пријави го секое недолично однесување кон компјутерите!**